НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
во партнерство со природата

Ул. Булевар "Св. Климент Охридски" Бр.68; Скопје-Центар
Тел. ++389 (0)2 2581080

www.mkdsumi.com.mk

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 11-451/3
22-06-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До
МВР,ШП,ЦУК,ДЗС,ДИШЛ и МЗШВ

Предмет: **Известување**

Почитувани,

Согласно член 57,став 3, од Законот за шумите, по барање на ЈП "Национални шуми" – Скопје, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со арх.бр.49-6414/2, од 22.06.2022 год., даде **согласност** за:

**Делумна забрана за движење во шумите и шумското земјиште**

Со оглед на зголемената опасност од појава на шумски пожари на отворен простор се воведува **Делумна забрана за движење во шума** на територијата со која стопанисува /управува ЈП "Национални шуми"- Скопје на сите лица во шумите и шумските појаси, за временскиот период од **24.06.2022 год., во терминот од 06.00 до 20.00 часот.**

**Делумната забрана за движење во шума ќе стапи на сила од 24.06.2022 год. и ќе трае се до проценката дека е намален ризикот од појава на шумски пожари, односно, до нејзино отповикување.**

Оваа делумна забрана за движење во шумите и шумско земјиште, не важи за:

- Министерството за внатрешни работи,
- Шумска полиција,
- Центарот за управување со кризи,
- Дирекцијата за заштита и спасување,
- Државниот инспекторат за шумарство и ловство,
- ЈП "Национални шуми" – Скопје,
- Субјектите што вршат шумскостопански активности сеча, дотур и транспорт на дрво и дрвни сортименти на површините со кои стопанисува ЈП "Национални шуми" – Скопје,

Ул. Булевар"Св. Климент Охридски" Бр.68; Скопје-Центар
Тел. ++389 (0)2 2581080

- Стручните служби на концесионерите на дивечот во ловиштата кои се наоѓаат на територијата со која стопанисува /управува ЈП "Национални шуми" – Скопје, и
- Лица кои што имаат писмено одобрение за движење во шумите со кои стопанисува ЈП "Национални шуми" – Скопје.

Движењето ќе биде дозволено единствено со писмено одобрение издадено од подружниците на ЈП "Национални шуми" – Скопје за подрачјето со кое стопанисуваат/управуваат.

За непочитување на оваа забрана на физички лица кои се затекнати да се движат во шума и шумско земјиште, согласно член 106 од Законот за шумите, ќе им се изрече глоба од 1500 до 2000 евра во денарска противвредност.

Делумната забрана за движење ја спроведуваат вработените од ЈП "Национални шуми", кои вршат дејност заштита, Шумска полиција и МВР.

Прилог:

1.Согласност за делумна забрана за движење во шума од МЗШВ со арх. бр.49-6414/2 од 22.06.2022 год.

Изработил:
дипл.шум.инж.Сузана Николовска

Сектор за заштита на шумите,
надзор и внатрешна контрола
Помошник директор
Николчо Киров

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

СЕКТОР ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО SEKTORI PËR PYLLTARI DHE GJUETI

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О. Скопје
PYJE KOMBËTARE P.P. Shkup

| Примено: Pranuar: | 22-06-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 11 | 451/2 | - | |

АРХИВСКИ БРОЈ: 49- 6414/2 22 јуни 2022

До: ЈП „Национални шуми“ Скопје
Бул. Св. Климент Охридски бр. 68, Скопје

ВРСКА: Ваш бр.11451/1 од 21.06.2022 година

ПРЕДМЕТ: Согласност

Почитувани,

По однос на вашето барање под горенаведениот број и датум за воведување на делумна забрана за движење во шумите на територијата со која стопанисува/управува ЈП „Национални шуми“ - Скопје, а со оглед на зголемената опасност од појава и ширење на пожари на отворен простор и врз основа на член 57 став (3) од Законот за шумите („Сл.весник на РМ“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15 ,44/15, 147/15, 7/16, и 39/16), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дава согласност за делумна забрана за движење во шума и на шумско земјиште.

Согласноста за делумната забрана за движење во шумите и на шумското земјиште е во временски термин од 06:00 – 20:00 часот и истата ќе стапи во сила од 24.06.2022 година и ќе трае се до денот на нејзиното отповикување од ваша страна.

Оваа согласност, односно делумната забрана за движење во шумите и на шумското земјиште на територијата со која стопанисува/управува ЈП „Национални шуми“ - Скопје не важи за вработените на:

- Министерството за внатрешни работи,
- Шумската Полиција,
- Центарот за управување со кризи,
- Дирекцијата за заштита и спасување,
- Државниот инспекторат за шумарство и ловство и
- ЈП „Национални шуми“ - Скопје,
- Субјектите кои вршат шумскостопански активности сеча, дотур и транспорт на дрво и дрвни сортименти на површините со кои стопанусува ЈП „Национални шуми“,
- Стручните служби на концесионерите на дивечот во ловиштата кои се наоѓаат на територијата со која стопанисува/управува ЈП „Национални шуми“ – Скопје и
- Лица кои што имаат писмено одобрение за движење во шумите со кои стопанисува/управува ЈП „Национални шуми“ – Скопје.

Движењето да биде дозволено единствено со писмено одобрение издадено од подружниците на ЈП „Национални шуми“ – Скопје за подрачјето со кое стопанисуваат/управуваат.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

Истовремено за воведената забрана со допис да се известат:

- Министерствито за земјоделство шумарство и водостопанство,
- Министерството за внатрешни работи,
- Шумската Полиција,
- Центарот за управување со кризи,
- Дирекцијата за заштита и спасување,
- Државниот инспекторат за шумарство и ловство и
- Средствата за јавно информирање.

Со почит,

МИНИСТЕР,
Љупчо Николовски

Изготвил: Анѓелко Буровски
Контролирал: Назиф Сефер
Согласен: Саша Јовановиќ


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015